# ЗАПИСНИК

од изборното Собранието на Комората на овластени архитекти и овластени инженери одржано на 17.12.2016

Собранието се одржа во салата за состаноци на Комората со почеток во 12:00 часот. Собранието го отвори водеше Претседавачот на Собранието д-р Миле Станковски.

По констатацијата дека на седницата на Собранието од вкупно 75 члена се присутни **71** избрани делегати од професионалните одделенија од кои тројца со полномошно заверено кај нотар, претседавачот изнесе дека има кворум за работа и полноправно одлучување по сите точки од дневниот ред.

Од седницата отсуствуваа: д-р Горан Марковски, Џингис Хани, Љупчо Колев и Елена Алексовска и тројцата делегати што дадоа полномошно за гласање.

Собранието едногласно го утврди следниот:

## ДНЕВЕН РЕД

1. Усвојување на записникот од изборното собрание на 11 јуни 2016.
2. Верификување на мандатите на заменските собраниски делегати од градежништво, машинство и урбанизам (замена за избраните раководители).
3. Продолжување на мандатите на носителите на следните изборни функции во Комората до 28 февруари 2017: Потпретседател на Комората, Заменик претседавач на Собранието на Комората, Претседател и членови на Надзорен одбор, Претседател и членови на Дисциплинска комисија, Претседател и членови на Второстепена комисија.
4. Избор на Претседател на Комората.
5. Разно.

## ТОЧКА 1

Во врска со Записникот за збор се јави Ана Тромбева Гавриловска која забележа дека точките 3 и 4 треба одвоено да се прикажат во записникот, како и што беше кога се усвои дневниот ред. По кусата расправа Собранието едногласно го усвои записникот со претходната забелешка.

## ТОЧКА 2

Собранието ги верифицира мандатите на следните делегати на Собранието:

***Илија Коцарев*** од Одделението за градежништво на местото на д-р Петар Цветановски, избран за раководител на Одделението.
***Нецади Зулбеари*** од Одделението за урбанизам на местото на м-р Жаклина Ангеловска избрана за раководител на Одделението
***Круме Стојанов*** од Одделението за машинство на местото на д-р *Миле Димитровски избран за раководител на Одделението.*

## ТОЧКА 3

Собранието донесе одлука да им се продолжи мандатот најдоцна до крајот на февруари 2017 година на лицата носители на следните функции во Комората:
-д-р Гајур Кадриу, Потпретседател на Комората
-Ратко Станојковски, заменик претседавач на Собранието на комората, како и членовите на следниве тела на Комората:

**Дисциплинска комисија**

- Благоја Тагасовски, претседател
- Џенгис Хани, член
- Ѓоко Хаџиевски, член
- Иле Цветановски, член
- Драги Јорданов, член
- Христина Матоска, член.

**Надзорен одбор**

- Сељајдин Беадини, претседател
- Тања Франц, член,
- д-р Златко Србиновски, заменик член
- Нина Трендафилова, заменик член

**Второстепена комисија за жалби**

- Д-р Влатко Коробар – претседател
- Јакуп Фетаи – член
- Д-р Влатко Стоилков – член

## ТОЧКА 4

Претседавачот, д-р Миле Станковски истакна дека се надева дека Собранието на оваа седница ќе избере Претседател на Комората. На предлог од претседавачот, Собранието ја избра следнава Комисија за спроведување на тајното гласање за избор на претседател: Маријана Стефановски,

Христинка Матоска, Емил Чичевалиев, Беким Емурлаи, Веселинка Герасимова на местото од отсутната Кристинка Радевски и Димче Атанасовски, по функција.

Претседавачот Станковски ги покани кандидатите за Претседател на Комората да ги претстават своите програми преку 15 минутна презентација и тоа по азбучен ред на презимето.

Прва својата програма ја претстави ***м-р Жаклина Ангеловска*** која истакна дека има одредени дополнувања и допрецизирања на програмата која ја презентираше како кандидат пред шест месеци. Најпрвин даде кус осврт на нејзината професионална биографија и потоа ги појасни основните точки од својата програма, визијата и мисијата и дефинирањето на стратешките цели и приоритети на програмата за работа на Комората, како и планот за имплементација на програмата. Таа особено ја истакна својата заложба за враќање на достоинството на струките во нашето општество и овозможување на искажување на волјата на членството преку одделенијата, отворање регионални канцаларии, дефинирање на минималната цена на инженерската услуга, издавање на лиценци на правните субјекти од страна на Комората и тн.

Следниот кандидат, ***проф. д-р Миле Димитровски*** најнапред ја изнесе визијата и мисијата на Комората и се заложбата за нејзин развој во модерна и ефикасна Комората. Потоа тој ги образложи точките од својата Програма како што се зачувување на дигнитетот на членовите преку дефинирање на цената на инженерските услуги, зајакнување на меѓународна соработка, создавање услови за мобилност на членовите, континуирана професионална обука, зачувување, зголемување и рационално користење на имотот на Комората и тн.

Претседавачот Станковски им се заблагодари на двајцата кандидати за презентацијата на програмите, и отвори дискусија и можни прашања за кандидатите. Откако никој не се јави за абор, Станковски побара пред да се премине кон тајното гласање уште еднаш да се констатира бројната состојба на делегатите на Собранието на оваа седница. Тој ги наведе следните показатели:

- од вкупно 75 делегати присутни се 71 делегат од кои тројца имаат уредно полномошно за гласање заверено на нотар (Веселинка Герасимовска на местото од Кристинка Радеска, Јордан Георгиев на местото од Илија Тикваровски и Михајло Шахинов на местото од Алекса Томовски) и отсутни 4 делегати.

Се пристапи кон тајно гласање и по неговото завршување Изборната комисија состави записник што му го предаде на претседавачот на Собранието. Претседавачот го прочита Извештајот според кој од вкупно 71 делегат, гласале 71 и тоа за д-р Миле Димитровски гласале 39, за м-р Жаклина Ангеловска гласале 24 и се пронајдени 8 неважечки гласачки ливчиња. Записникот од комисијата е интегрален дел од овој записник.

Преседавачот д-р Миле Станковски, согласно резултатите од тајното гласање и актите на Комората и Законот за градење го прогласи Проф. д-р Миле Димитровски за избран Претседател на Комората за наредниот мандатен период од 4 години.

Седницата заврши во 13:30 часот.

Записникот го состави
Јагода Дренковска, дипл. прав.

Претседавач на Собранието
д-р Миле Станковски

Оверувачи на записникот

Проф. д-р Влатко Стоилков

Силјан Михајловски